# КУРИКУЛУМ ЗА ЕКОЛОШКА ПРАВДА

# ЗА ОБУКИ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

АСЈО
Академија за судии и јавни обвинители

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

# КУРИКУЛУМ ЗА ЕКОЛОШКА ПРАВДА

## ЗА ОБУКИ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА

## КУРИКУЛУМ ЗА ЕКОЛОШКА ПРАВДА ЗА ОБУКИ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Наслов:
Курикулум за еколошка правда за обуки на судии и јавни обвинители

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи – ЦПИА
Лидија Стојкова Зафировска, ЦПИА

Редакција:
Никола Јовановски, ЦПИА
Ана Василева, ЦПИА

Автори:
Проф. Д-р. Беса Арифи
Проф. Д-р. Марина Малиш Саздовска

Графички дизајн:
Вертиго Висуал

Принт:
Полиестердеј

Контакт инфо: contact@cpia.mk
Тел: +389 2 3201 845
Веб страна: http://cpia.mk/en

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот "Добро управување со животната средина" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА

**ДЕЛ I**
ВОВЕД, ЦЕЛИ, ЦЕЛНИ ГРУПИ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ОБУКАТА ____ 6

I. ВОВЕД И ОЦЕНКА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ТЕМИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОСТОЈНАТА ПРОГРАМА НА АСЈО ____ 8

II. СТРУКТУРА И ЦЕЛИ НА ОБУКАТА ____ 11

III. ЦЕЛНИ ГРУПИ ____ 18

IV. МЕТОДОЛОГИЈА НА ОБУКИТЕ ____ 24

**ДЕЛ 2**
ОПШТ И ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА ____ 26

I. СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ____ 28

II. ЛИТЕРАТУРА И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ____ 35

III. ВЕЖБИ И ПРИМЕРИ ____ 38

# ДЕЛ I

# ВОВЕД И ОЦЕНКА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ТЕМИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОСТОЈНАТА ПРОГРАМА НА АСЈО

# I. ВОВЕД И ОЦЕНКА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ТЕМИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОСТОЈНАТА ПРОГРАМА НА АСЈО

Академијата за судии и јавни обвинители во својата визија има предвидено градење на европски профил на судиите и јавните обвинители преку почетна и континуирана обука. Исто така предвидено е користење на модерни методи за усовршување на знаењето со цел правото на Европската Унија и меѓународното право да биде лесно достапно. Мисијата, пак, се однесува на создавање на современ правосуден систем кој ќе се заснова на европски вредности и меѓународни стандарди.

Со оглед на фактот дека Академијата за судии и јавни обвинители е структурата која обезбедува првична теоретска и практична обука на идните судии и јавни обвинители како услов за вработување или именување, како и структура која обезбедува континуирана обука во специфичните области од остварувањето на функциите на судиите и јавните обвинители, во секоја од анализите и во предложените реформски зафати на правосудниот систем, таа е идентификувана како значаен фактор на промената.[1]

Обуката во Академијата за судии и јавни обвинители е почетна и континуирана. Почетната обука која се состои од теоретска настава, содржи 3 модули, и тоа:
-граѓанско право,
-кривично право и
-меѓународно право.

Во рамките на првиот модул се изучуваат теми од областа на граѓанското, трговското, уставното, управното право, како и теми од информатичките технологии и од правното истражување и реториката со правното аргументирање. Исто така, по завршувањето на секој модул се полага тест, а еден час неделно се предвидува учество на гости предавачи со ,,Тема на неделата".

Врз основа на Годишниот извештај за 2020 година може да се заклучи дека во рамки на континуираната обука во 2020 година се реализирани повеќе курсеви на следни теми: етика на судии, азил и миграција, етика на јавни обвинители, вести за борбата против тероризмот за, и во врска со Балканот, ЗКП – модул I предистражна постапка, ЗКП – модул II истражна постапка, ЗКП – модул III главна расправа, ЗКП – модул IV забрзана постапка и ЗКП – модул V вонредни мерки.[2]
Во Програмата за континуирана обука посебно внимание се посветува на најактуелните области: превенција на корупција, меѓу граничен криминал, сајберкриминалот, ЕУ право, човекови права, трговија со луѓе и други слични теми, кои директно или индиректно се поврзани со правната област.

Но, исто така, програмата за континуирана обука покрај правните области, опфаќа и други теми, како на пример: менаџирање со судовите и јавните обвинителства, односи со јавност, етика, теми поврзани со економијата, психологијата, социологијата и сл.

Методологијата на реализација на обуките се реализира преку организирање на семинари, конференции, советувања, учење на далечина. Курикулумите врз основа на кои се реализираат обуките се оригинални и истите се изработени од страна на Академијата за судии и јавни обвинители со соработка со предавачите ангажирани од Академијата. Најчесто Академијата ја спроведува едукацијата самостојно, но при тоа се ангажираат и национални правни експерти, како и професорите од правните факултети во земјата. Покрај со домашни експерти, Академијата ја реализира програмата за обука и со помош и поддршка на странски партнери и поддржувачи на Академијата.

1 Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" : анализа на актуелното системско позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар / [автори Мирјана Најчевска ... и др.]. - Скопје : ОБСЕ, 2020, стр. 9, https://www.osce.org/files/f/documents/0/1/455473.PDF

2 Годишен извештај на Академијата за судии и јавни обвинители за 2020 година, https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2021/05/godishen-izveshtaj-2020.pdf



Во рамките на едукативниот процес во Академијата се организираат следниве обуки:
-основна и задолжителна контиуниурана обука на судиите и јавните обвинители,
-обуки на стручните судски и јавнообвинителски службеници на следниве теми: Примена на Законот за судска служба (вработувања во судската служба и унапредување на судските службеници); Case management - (Електронско водење на предметите во јавните обвинителства),
-специјализирани обуки за претседателите и за шефовите на јавните обвинителства, како и за судиите на Управниот и на Вишиот управен суд.[3]

Заштитата на животната средина е тема која посебно се актуелизира на меѓународната сцена во последните неколку децении. По завршувањето на Втората светска војна светот се преориентира на реконструирање на руинираната економија и воспоставувањето на траен мир вклучувајќи ги политичките, но и социјалните и економските човекови права. Оттука, сите меѓународни инструменти за заштитата на човековите права[4] кои се драфтирани во поствоениот период, не содржат конкретни норми за заштита на животната средина токму поради фактот што светста и проблемите поврзани со оваа проблематика не се актуелни и во фокусот на меѓународната заедница[5]. Сепак, денес, општо е прифатено дека човековите права и животната средина се во тесна корелација и врска.

Загрозувањето на животната средина ги става во ризик природните ресурси на земјата што претставува закана за сите процеси од кои зависи животот во земјата. Неколку од главните проблеми поврзани со животната средина се анализираат во извештајот на UNEP Global Environment Outlook YearBook 2003. Повеќе од една милијарда луѓе немаат пристап до вода за пиење и санитација, што придонесува болестите кои се пренесуваат преку вода да биде главната причина за високата смртност, особено за смртноста на децата, во сиромашните земји. Две третини од светското население сега живее во места каде има рестрикции на вода, што директно придонесува во намалувањето на резервите на храна[6]. Загадениот воздух придонесува во порастот на нивото на смртноста од болести на респираторните органи. Различни видови на суштества изумираат за многу кратко време што ги става во ризик балансираните процеси на природата. Munich Re, една од најголемите светски осигурителни компании предвидуваше уште од 2003 година дека во светски размери, економската загуба заради екстремни временски непогоди ќе достигне до 30 милијарди долари годишно до 2050 година.

Општо кажано, луѓето исклучително брзо ги трошат капацитетите на животната средина. Без силна и мултидисциплинарна акција од страна на сите, биосферата брзо може да се оневозможи да го одржи човечкиот живот. Младите генерации ќе се соочат со големи предизвици и недостатоци доколку сегашните начини на производство, потрошувачка, и менаџирање со отпадот драматично не се менуваат. Одржливиот развој мора да стане главна политика на сите агенции, државни институции како и одговорност на секое лице.

Оттука, специјализирана обука за темите поврзани со заштитата на животната средина е неопходна во процесот на обучување на судиите, јавните обвинители, адвокатите, инспекторите, припадниците на полицијата како и сите други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законодавството во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

Во однос на темите поврзани со заштитата на животната средина, тие не се застапени во постојаната програма за теоретска обука во редовните модули, поврзана со испитна програма.
Во изминатите шест години, сепак, биле спроведувани тематски предавања и обуки поврзани со определена област од заштитата на животната средина на годишно ниво. Во 2017 година е

3 Програма за работа на Академија за судии и јавни обвинители, https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2021/05/programa-asjo-2021.pdf

4 Универзалната декларација за човекови права од 1948, Европската конвенција за човекови права од 1950, Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права и Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права од 1966.

5 Интересот и грижата на меѓународната заедница за зачувување на животната средина започнува да расте од конференцијата на ОН од 1972 година.

6 https://www.elaw.org/system/files/UNEP.judicial.handbook.enviro.law_.pdf

спроведена работилница на тема „Спроведување на судски случаи во областа на животната средина во САД", во 2018 година било одржано советување на тема „Прекршоци од областа на заштита на животната средина", во 2019 година била одржана обука за пристап до правда за прашања од животната средина, во 2020 година била одржана сесија посветена на кривичниот прогон на кривичните дела против животната средина, со посебен фокус на најдобрите практики при постапувањето во предмети поврзани со опасен отпад. Во тековната година е одржана иста таква сесија со фокус на загадувањето на водата. Дополнително, Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2021 година има реализирано и обуки со странски партнери, при што се ангажирани голем број странски предавачи.

Во наредниот период, започнувајќи со 2022 година, се планира интензивирање на едукативните активности за заштита на животната средина, на кои составен дел е и овој курикулум.

# II. СТРУКТУРА И ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Оваа обука се фокусира на меѓународната и национална правна регулатива во управувањето со животната средина, при што се разработуваат и теоретските и практични димензии на оваа област. Правото на здрава животна средина претставува уставно загарантирано право во Република Северна Македонија и земјата е потписничка и има ратификувано значителен дел од корпусот на меѓународно право на животна средина. Влијанијата врз и зачувувањето на животната средина е широко нормирана тема во националното законодавство, како и предвидени се прекршочни санкции и кривични дела при непридржување кон прописите за заштита на животната средина. Сепак, во моментов оваа правна гранка не е подеднакво застапена во правното образование, ниту пак во правната пракса како останатите области.

Истовремено, мал дел од сторените прекршоци и кривични дела имаат институционална, односно судска завршница, што зборува за потребата за зајакнување на капацитетите за ефикасно гонење на сторителите. Покрај примената на репресивните мерки за откривање, докажување и разјаснување на кривичните дела и прекршоците, треба да се обрне посебно внимание и на превенцијата на овие казниви поведенија. Модулот на обуката цели кон запознавање на слушателите со главните концепти и правната рамка, како и судската пракса во заштитата на животната средина на меѓународно и национално ниво.

Во таа смисла овој модул ги пренесува најистакнатите аспекти на растечката област на меѓународното право на животна средина, почнувајќи од глобалните меѓународни прашања кои се искачија на врвот на агендата на меѓународното право и политики во 1992 со Конференцијата на ОН за животна средина и развој и Јоханесбуршкиот Светски Самит за одржлив развој, до денес.

Оттука, со обуката се истакнуваат неколку клучни концепти во меѓународното право на животната средина во нивниот поширок контекст, кои пак понатаму се пресликани во националната легислатива. Предвидува вовед во основните принципи и начела на меѓународното право на животна средина (како принципот на заеднички, но диференцирани одговорности и начелото на претпазливост), прашања поврзани со заштитата на животната средина (опасни активности, отпад, аерозагадување), зачувување на животната средина (видови, биодиверзитет, почва), како и користењето и експлоатација на природните ресурси (трговија со животински делови и видови, генетски ресурси, ГМО).

Во посебна сесија се врши осврт на најрелевантните мултилатерални договори од областа на животната средина на кои Република Северна Македонија има извршено ратификација и по кои во моментов се исполнуваат низа обврски, како и се врши меѓународен правен промет. Истовремено, како земја кандидатка за членство во ЕУ, Република Северна Македонија има и обврска за хармонизација со европското законодавство, па оттаму накусо е презентирано и релевантното ЕУ acquis кое треба да биде комплетно транспонирано и во националното право.



Понатаму се поставува прашањето ***и како човековите права можат да бидат мобилизирани во функција на заштитата на животната средина? До која мера може природната животна средина да биде предмет или субјект на права? Како може таквите права да произлезат од постоечките меѓународни и уставни права, и како тие можат да бидат искористени во функција на императивите на животната средина? Како би можело тие да се поврзат со постоечките права ако се додадат на листата како нови права од областа на животната средина? Постои ли материјално право на животна средина? Постои ли глобално право на животна средина?*** Тоа се прашањата кои се јавуваат кога се разгледуваат различните предлози за препознавање на разните форми на права од областа на животната средина, познати во меѓународното право како Environmental Rights. Тие целат кон утврдување на должноста за заштита на животната средина и зачувување на природните ресурси преку нивното препознавање како права, чии прекршување се врши преку деградацијата на животната средина, а носители можат да бидат луѓето или пак носители да се и нечовечки субјекти. Во секој случај, правата од областа на животната средина се **АСПИРАТИВНИ** во тоа дека тие воспоставуваат нови права, нови носители на права, или нови содржини кои ќе бидат додадени на постоечките права, и еволутивни во тоа што таквите пристапи тврдат дека минатите експанзии на заштитата со права се движела во насоката на овие веќе поставени права, кои остануваат во рамките на логиката на постојните правни систем дури и кога ја претставуваат подоцнежната генерација на тие заштити. Во изминатите пет децении, застапниците на правата од областа на животната средина го прифатија предизвикот на разрешување на овие прашања, што резултираше со значителен корпус на правна, политичка и мисла од областа на животната средина за такви права.

Неминовно е да се спомене и улогата на Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска конвенција) која е ратификувана од страна на Република Северна Македонија.

Согласно Архуската конвенција, секој поединец има право на пристап до информации за состојбата на животната средина, но исто така и за преземените политики или мерки или за состојбата на здравјето и безбедноста на луѓето каде што тоа може да биде засегнато од состојбата на животната средина без притоа да го докажува својот интерес (прв столб). Вториот столб се однесува на можноста за учество на јавноста во донесувањето на одлуки од областа на животната средина, додека третиот столб на Архуската конвенција - пристап до правдата, гарантира сет на мерки со кои на сите засегнати страни им се дава можност да ја оспоруваат законитоста на одлуките и актите на јавните органи доколку сметаат дека истите се донесени спротивно на претходно спомenатите правила. Како засегната јавност согласно прописите за животна средина е дефинирана јавноста којашто, во моментот, е засегната и/или во иднина може да биде засегната или има интерес во врска со донесувањето одлука за животната средина со која е во посебен однос со одредена постапка. Засегната јавност ги вклучува и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, како и физичко лице кое има голема веројатност да ги почувствува последиците од донесувањето на одлуката.

На национално ниво сите права кои произлегуваат од Архуската конвенција се гарантирани во Законот за животна средина како рамковен закон од областа на животната средина како и посебните материјални закони. Дополнително, правото на пристап до информации од јавен карактер се гарантира и со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Граѓаните имаат право на здрава животна средина, односно со прописите од областа животна средина се гарантираат право на чиста вода, на чист воздух и други права чие исполнување е пропишано во прописите и ќе се обезбеди само и преку исполнување на одредбите од прописите за животна средина. Обврските на националните органи е да обезбедат минимум критериуми за исполнување на прописите, како и да обезбедат информации кои се однесуваат на остварувањата на правата на граѓаните.

Судиите како претставници на судската власт имаат обврска да ги утврдат сите повреди на прописите за животна средина од страна на органите на извршната власт, како и да утврдат дали јавните органи ги презеле сите активности согласно прописите во однос на пристап до информации од областа на животната средина и учеството во донесувањето на одлуки, како и дали непостапувањето согласно закон придонело до повреда на животната средина и здравјето на луѓето.

Улогата на судиите не треба се состои само од одлучување дали органот постапил согласно закон. Судот може и мора да реагира доколку во одредени случаи утврди дека јавниот орган не постапил во согласност со законот или доколку јавниот орган преземал дејствија или пропуштил да преземе дејствија со кои може да се предизвика штета на здравјето на луѓето или животната средина. При тоа особено треба да се цени опасноста која би можела да настане од преземањето или непреземањето на одредени дејствија и какво влијание ќе имаат истите врз здравјето на луѓето и животната средина краткорочно или долгорочно.

Со оглед на фактот што посебните прописи од областа на животната средина во себе содржат прекршочни одредби, но и непридржувањето кон нив се дел од битието на дел од кривичните дела против животната средина, во посебни сесии е предвиден фокус на материјалните одредби посветени на медиумите и од областите на животната средина.

За активности и дејности со кои се предизвикува повреда на одредбите од прописите предвидени се прекршочни одредби. Во прописите во кои се дефинираат прекршоците јасно и прецизно е дефинирана и надлежноста за постапување по истите. Имено надлежноста на истите е поделена помеѓу надлежниот суд и Комисијата за прекршоци формирана во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање. За прекршоците од помал обем е пропишана надлежност на Комисијата додека сите останати прекршоци се во надлежност на судот. Дефинирањето се врши согласно Законот за прекршоците и надлежноста за постапување по истите зависи од висината на глобата. Надлежноста за покренување на прекршочна постапка во најголем случаи е на Државните инспектори на централно ниво вработени во Државниот инспекторат за животна средина како и на инспекторите на локално ниво согласно своите надлежности.

Во посебна сесија е издвоена правната рамка и меѓународни трендови на нормирање на климатската акција, како област во подем и главен предмет на јавен интерес, па оттука и се почестото правно застапување, во современото право.

Од друга страна, како надлежен орган за сузбивање на еколошкиот криминал, и полицијата во рамките на секојдневните активности може да презема превентивни и репресивни мерки за заштита на животната средина. Работата на полицијата се базира врз повеќе законски и подзаконски акти, почнувајќи од Кривичниот законик во кој се инкриминирани сите казниви поведенија против животната средина, насочени кон загадување на сите еко системи, вода, почва и воздух. Полицијата постапува ex officio во откривањето на сите кривични дела, вклучително и еколошките кривични дела. Врз основа на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир полицијата постапува во случаи на оневозможување на користење или оштетување на јавни згради, јавни чешми, извори, плажи, паркови, шеталишта и сл., како и при загадување со материи или отпадоци со кои се загадува животната средина и природата. Со цел ефикасно сузбивање на еколошки кривични дела полицијата: прибира сознанија, постапува по пријава, врши проверки, обезбедува место на настан, соработува со вештаци и други експерти од специјализирани органи, учество при увид, обезбедување на докази, поднесува кривична пријава и презема други активности на терен.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи, покрај работата на униформираната полиција, мерки и активности за сузбивање на еколошки кривични дела треба да презема и криминалистичката полиција. Главен проблем е што во МВР не постои специјализиран оддел за откривање, докажување и разјаснување на еколошкиот криминал. Имено, инспектори кои се задолжени за друг вид на криминал, или општ криминал се задолжени и за еколошкиот криминал, при тоа тие не можат максимално ефикасно да се посветат на негово сузбивање. Долгогодишни се заложбите на експертската и стручната академска јавност за формирање на оддел во рамките на МВР кој ќе се занимава само со сузбивање на еколошките кривични дела во државата. Само на тој начин ќе може да се создадат предуслови за ефикасни мерки против сторителите на еколошките кривични дела. Но, тие овластени службени лица треба да бидат стручни и професионални и обучени за реализирање на криминалистички истраги со цел откривање на сторителите и нивно изведување пред лицето на правдата.



Покрај припадниците на униформираната полиција и криминалистичката полиција, треба да се напомене и значајната улога на вештаците во процесот на докажувањето на еколошките кривични дела. Станува збор за вештаци и нивниот ангажман при обезбедувањето на потребни примероци за вештачење, спроведување на вештачењето и изработка на наод и мислење за настанот.

Значењето на вештачењето и улогата на вештаците за еколошките кривични дела, произлегува од една специфичност за еколошките кривични дела, а тоа е утврдувањето на концентрацијата на загадувачката материја. Имено, при вршењето увид, односно вештачење кај кривичните дела загадување на животна средина, треба да се има предвид брзата промена на состојбите на самото место, која е условена од многу фактори. Поради тоа, постои опасност да дојде до губење на постојните траги и предмети на делото со што се отежнува обезбедувањето доволен и квалитетен број на податоци и на материјални докази со кои би се разјаснило и би се докажало кривичното дело. Заради тоа, потребно е да се применува начелото на брзина на постапување, излегување на увидната екипа заедно со вештаците што е можно побрзо на местото на настанот и вршење на ситуационо вештачење. Ситуационото вештачење се прави веднаш по доаѓањето, без одлагање, на самото место на настанот, и на тој начин можно е успешно докажување на концентрацијата на загадувачката материја што е од суштинска важност за докажување на кривичното дело, бидејќи не секоја концентрација претставува казниво поведение, туку само онаа која е над дозволените граници.[7]

Во Република Северна Македонија постојат повеќе инспекторати задолжени за сузбивање на криминал од областа на животната средина. Тука спаѓаат Државниот инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен санитарен и здравствен инспекторат и др. Доминантна е улогата на Државниот инспекторат за животна средина, согласно Законот за животна средина и други закони, за инспекциски надзор и контрола на примена на законите од страна на органите на управата. Инспекторатот спроведува проверки, истраги и ревизии на локациите. Најчесто од страна на инспекторите се проверува дали загадувачот ги врши потребните мерења, дали има мониторинг систем и дали ги применува техничко-технолошките мерки. Во рамките на своите надлежности и овластувања инспекторите вршат инспекциски надзор и контрола во рамките на кои можат да вршат разни анализи и мерења, земаат изјави и сл. Често пати инспекторите се упатени на соработка и други надлежни органи, најчесто со МВР, заради пружање на асистенција и др.

Основна надлежност на Јавното обвинителство претставува кривично гонење на сторителите на кривичните дела и нивно изведување пред лицето на правдата. Може да се делува по допрен глас и тогаш се оценува дали постојат елементи на кривично дело, што условува активирање на правосудниот механизам за кривично гонење на осомничени лица, обезбедување на докази, како и формирање и доставување на обвинителен акт пред надлежен суд против одредени лица. Покрај допрен глас поводи за покренување на кривичната постапка од јавниот обвинител и правосудната полиција се дознавањето за еколошки кривично дело со непосредно забележување или по примена кривична пријава. Со цел остварување на функцијата на кривично гонење, јавниот обвинител и правосудната полиција преземаат дејствија за откривање на кривичните дела и сторителите.

Посебно значајна улога во спроведувањето на законодавството кое се однесува на заштитата и унапредувањето на животната средина имаат судиите. Оттука, цел на ова програма е обучувањето на судиите во кривичните, граѓанските и управните судови да ги идентификуваат прашањата поврзани со животната средина во случаите по кои постапуваат како и да бидат свесни за опциите кои им стојат на располагање при толкување на законодавството кое се однесува на заштитата и унапредувањето на животната средина. Во обуката судиите ќе бидат запознаени со еколошките прашања кои може да бидат предмет на судење. Обуката ќе се осврне и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбург која претставува значителен извор на право при одлучувањето за предметите од ова област во националната судска пракса.

7 Малиш Саздовска М, Прирачник за истраги на еколошки кривични дела, Факултет за безбедност, 2013

**Таб 1.** Обвинети полнолетни лица според група на кривични дела против животната средина и природата, вид на одлука и пол[8]

| Година | Вкупно обвинети лица | Жени | Виновни | Запрена постапка | Ослободени од обвинение | Обвинението е одбиено | Мерки за безбедност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 57 | 4 | 52 | 1 | 1 | 3 | / |
| 2019 | 69 | 1 | 58 | 2 | 5 | 3 | 1 |
| 2018 | 60 | 1 | 52 | 2 | 5 | 1 | / |
| 2017 | 68 | 4 | 62 | 3 | 2 | 1 | / |
| 2016 | 85 | 4 | 77 | 2 | 1 | 5 | / |

Врз основа на податоците презентирани во Табелата 1. за обвинети полнолетни лица според група на кривични дела против животната средина и природата, вид на одлука и пол, може да заклучиме дека има ситуации кога лицата кои се обвинети не се прогласени за виновни. Тоа е во случаите кога има запрена постапка, ослободување од обвинение и одбивање на обвинението. Овие ситуации треба да бидат предмет на дополнителна анализа со цел утврдување на факторите кои допринеле за истите.

***Оттука како цели на обуката се поставуваат:***

1. Вовед и запознавање со меѓународното право на животна средина,
2. Поврзување на концептот на човекови права и животна средина,
3. Запознавање со основните правни принципи на правото на животна средина,
4. Запознавање со правната регулатива за климатска акција,
5. Правото на пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина,
5. Разбирање на посебните области и медиуми на животната средина кои се предмет на регулација во посебните прописи за животна средина,
7. Детално запознавање со областа на кривично - правна и друга заштита на животната средина,
8. Препознавање на битијата на кривичните дела од глава XX на битијата на кривичните дела од глава XX од Кривичен законик, изработка на квалитетна кривична пријава, обезбедување на докази и повикување на вештак, и др.
9. Стекнување на знаења од областа на методика на сузбивање на еколошки криминал,
10. Преку анализа на случаи поттикнување на критичко размислување за решавање на конкретни еколошки кривични дела,
11. Запознавање со трендовите на стратешко застапување во областа на животната средина,
12. Формирање формална и неформална мрежа за комуникација.

8 https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=14&rbr=2334



# III. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Работата на судиите и јавните обвинители е директно поврзана со примената на Законот за кривична постапка. Ланецот на криминалистичката истрага кој започнува со оперативната дејност на надлежните органи (полиција, инспекторати, правосудна полиција и сл.) продолжува со ефикасна и ефективна работа на јавните обвинители и судиите во крајна инстанца. Целта на криминалистичките истраги е дознавање за постоење на кривични дела, прибирање на материјални докази, давање одговори на деветте ,,златни" прашања на криминалистиката и докажување на кривичните дела, со краен исход идентификација на сторителот/сторителите и негово изведување пред лицето на правдата. Или, според научните постулати на криминалистиката, потребно е да се применат следниве фази: дознавање за постоење на кривични дела, докажување и нивно целосно расветлување.

Ефикасно спречување на еколошкиот криминалитет е можно само со преземање на соодветни мерки и активности од надлежните органи и институции, кои ќе формулираат систематски решенија за заштита и унапредување на животната средина.

Во рамките на секојдневната работа и надлежностите и овластувањата кои ги има полицијата, се преземаат превентивни и репресивни мерки, со цел ефикасна и ефективна заштита на животната средина. Органите за внатрешни работи се основни органи на откривање на кривични дела, и според одредбите на ЗКП тие се должни да ги преземат сите предвидени мерки во законот со цел расветлување на кривичните дела од областа на заштитата на животната средина, или т.н. еколошки кривични дела. Во делот на превентивно постапување полицијата врши контрола и надзор над критични сектори за еколошко загадување, ја контролира техничката исправност и опременост на возилата и издувните гасови, контрола за примена на заштитни мерки при промет со експлозивни материи, утврдување на лажна декларираност на стоката и др. Полицијата може да казни на местото на настанот за фрлање на отпад надвор од местото за таа намена, лице кое се движи во забранети зони и сл. За времетраење на увидот кај еколошките кривични дела полицијата го обезбедува местото на настанот, обезбедува квалитетни докази, соработува со соодветни вештаци во зависност од видот на загадувањето, пронаоѓа осомничени лица, обезбедува докази и поднесува кривична пријава до јавниот обвинител. Работата на полицијата се базира врз следните законски акти: Устав, Кривичен законик, Закон за кривична постапка, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за прекршоци и други законски и подзаконски акти.

Инспекциските органи се, исто така, вклучени во сузбивање на еколошките кривични дела преку различни облици на инспекциски надзор и контрола и тие соработуваат со другите надлежни органи со цел координација на заеднички активности, меѓусебно информирање и давање стручна помош. При контролата и надзорот, што претставува основна дејност на инспекциските органи, се утврдува дали загадувачите ги презеле потребните мерки за заштита на животната средина, дали ги поседуваат соодветните дозволи/акти за вршење на дејноста, дали се изработени потребните елаборати и какви техничко-технолошки мерки се предвидуваат за заштита на животната средина и сл. Доколку се откријат одредени неправилности, инспекторите можат да наредат отстранување на овие неправилности во одреден рок, во спротивно може да се донесе решение да се затвори објектот, наплаќање на казни, поднесување на прекршочни и кривични пријави.

Во националната легислатива постојат бројни законски и подзаконски акти врз основа на кои се базира работата на Државниот инспекторат за животна средина, тоа се: Устав, Кривичниот законик, Закон за општа управна постапка. Закон за прекршоците, Закон за животна средина, Закон за водите, Закон за заштита на природата, Закон за квалитет на амбиентниот воздух, Закон за управување со отпадот, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Закон за дополнителните текови на отпадот, Закон за хемикалии, Закон за инспекциски надзор, Закон за минерални суровини, Закон за заштита од бучава во животната средина и др.

Во севкупниот процес на кривично гонење на сите сторители на кривични дела според кривичниот законик, вклучително и на еколошките кривични дела, играат значајна улога и адвокатите. Работата на адвокатите е уредена со Законот за адвокатура и при тоа покрај другите активности, се уредува и обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите, државните органи, други правни лица, органите на единиците на локалната самоуправа.

Адвокатите својата дејност ја реализираат преку пружање на правна помош, и тоа: давање на правни совети, застапување во водење преговори и вршење услуги од областа на деловен протокол, составување на исправи за правни дела, составување на договори за основање, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето или работењето на деловните субјекти. Покрај овие активности, адвокатите се вклучени и како активни чинители во текот на кривичната постапка, при што можат да ги преземат и следниве активности како правна помош за странките: составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица, одбрана на осомничени и обвинети лица и вршење на други работи на правна помош.[9]

Оттука многу е важно адвокатите, покрај полицијата и инспекциските органи, да бидат обучени за постапување во услови на кривичен прогон на лица сторители на еколошки кривични дела. Ова е значајно заради создавање на услови за пружање на стручна правна помош на странките за случаите на овој вид на криминалитет.

Следни во низата на надлежни органи за заштита на животната средина се правосудните органи. Нивната улога не треба да биде само преку кривичен прогон и донесување на кривични санкции, односно репресивно постапување, туку тие можат да придонесат за унапредување на позитивните ставови на граѓаните кон општествените вредности, во кои спаѓа и заштитата на животната средина и природата. Оттука јавните обвинители и судиите треба да обезбедат адекватно процесирање на кривичните пријави, утврдување дали постојат сите елементи на конкретно еколошко кривично дело и дали обвинетото лице е навистина негов сторител, по што следува и соодветна кривична санкција.

Во овој процес, особено е значајно да се спроведе специфично обучување на судиите за подготвување на образложени судски пресуди, Имено, според судската пракса на ЕСЧП, националните судови имаат обврска да водат сметка за образложеноста на националните судски одлуки, особено кога со нив се менува судската пракса од страна на повисоките судови. Со оглед дека е предвидено обуките за структурата на пресудите во голем дел да бидат посветени на образложението како суштинска компонента на пресудите, значајно е да се истакне дека во рамките на овие обуки учесниците ќе бидат запознаени со определени клучни елементи на образлагање на пресудите во предметите од областа на еколошкиот криминал. Оттука, структурата на пресудите во предметите од областа на еколошкиот криминал, неминовно мора да следи доследна правна анализа во која би се применувале стандардите воспоставени во судската пракса на ЕСЧП во областа на заштитата на животната средина. Тие се посебни стандарди кои се однесуваат на амбиенталниот воздух и индустриското загадување, бучавата, управувањето со отпад, квалитетот на водите, заштитата на шумите, како и на информирањето и пристапот до судска заштита[10]

Јавното обвинителство е задолжено за кривично гонење на сторителите на еколошките кривични дела. Во рамките на нивните активности потребно е преземање на мерки на превентивен план, преку следење на појавите и односите во областа на заштитата на животната средина, известување на надлежните органи, давање на конкретни предлози и мислења и сл.

9 Закон за адвокатура („Службен весник на Република Македонија" број 59 од 23 јули 2002 година. Измени и дополнувања на законот објавени се во „Службен весник на Република Македонија" број 60 од 15.05.2006 година, број 29 од 09.03.2007 година, број 106 од 27 август 2008 година, број 135 од 03.10.2011 година и број 113 од 12.09.2012 година.)

10 ЦПИА, Заштитата на животната средина низ призма на праксата на Европскиот суд за човекови права. Скопје 2021 година.



Во Република Северна Македонија има многу слабости во кривично правниот систем, нефункционалност на одредени надлежни органи, недоволна свест и знаење за стручно и професионално постапување, како и други проблеми во рамките на севкупната криминалистичка истрага, почнувајќи од работата на полицијата и инспекциските органи, вклучително и работата на јавните обвинители и судиите.

***Оттука се наметнува заклучокот дека целни групи за обуки од областа на заштита на животната средина и природа треба да бидат:***

- припадници на Министерството за внатрешни работи, полиција и криминалистичка полиција,
- припадници на инспекциски органи,
- адвокати,
- јавни обвинители и
- судии.

***Практиката покажува дека проблеми кои се јавуваат во врска со ефикасно сузбивање на еколошките кривични дела во државата, се следниве:***

- неефикасно делување на полициските и инспекциските органи, за што показател се отфрлените кривични пријави. Се поставува прашањето дали причина за тоа се неквалитетни кривични пријави, материјални докази кои не се валидни, пропусти во криминалистичката истрага, needуцираност на кадрите и сл.
- needуцираност и нестручност на јавните обвинители, кои неретко во практиката покажуваат дека не ги познаваат правилата за обезбедување на релевантни материјални докази кои ќе имаат веродостојност во судската постапка,
- needуцираност и нестручност на судиите кои имаат ниско ниво на свест за последиците на еколошките кривични дела, донесуваат пресуди со благи казни кои не ја остваруваат ниту специјалната ниту генералната превенција, и како резултат на тоа има голем број на рецидивисти кај сторителите на еколошките кривични дела во земјата.

Горенаведените констатации можат да се потврдат и со одредени статистички показатели, како на пример.

**Таб. 1** Пријавени и обвинети лица за период 2014-2019

| Година | Пријавени | Обвинети | Осудени |
|---|---|---|---|
| 2014 | 137 | 103 | 90 |
| 2015 | 164 | 71 | 47 |
| 2016 | 236 | 85 | 77 |
| 2017 | 151 | 68 | 62 |
| 2018 | 191 | 60 | 52 |
| 2019 | 214 | 69 | 59 |
| **Вкупно** | **1093** | **456** | **387** |

Од податоците презентирани во Табела 1. може да се заклучи дека има релативно голем број на пријавени лица за еколошки кривични дела во земјата, но дека осудени се значително помал број од пријавените. Бројот на обвинети и осудени лица значително се намалува во однос на пријавените лица и се поставува прашањето на што се должи оваа голема разлика.

Согласно претходно наведеното, со цел надминување на констатираните предизвици, потребно е јакнење на капацитетите на сите претходно идентификувани чинители, преку воведување на специфичните аспекти од областа на заштитата на животната средина во формалното образование, но и континуираната едукација на кадарот во надлежните институции со цел соодветно постапување и преземање навремени акции. Заради обезбедување на соодветната обука и специјализирана едукација потребна е постојана соработка и координација помеѓу образовните и надлежните институции во насока на меѓусебно надополнување и размена на искуства, сознанија и обновување на знаењата.

Соработката помеѓу судската власт и извршната власт е клучна за надминување на сите недостатоци и креирање на акции за надминување на состојбите. Врз основа на целосна анализа на детектирани недостатоци можат да се преземат и соодветни акции.

Од аспект на зголемувањето на ефикасноста на полициските и инспекциските органи, потребна е поголема острученост, по квалификуван кадар и континуирано обучување. Животната средина, вклучувајќи ја и климата во поново време, станува сè повеќе актуелна, таа е мултисекторска област која многу брзо напредува и согласно тоа бара постојана и континуирана обука на кадрите. Инспекторите согласно Законот за инспекциски надзор, имаат обврска за континуирано учење преку генерички и специјализирани обуки. Согласно предлог-Законот за инспекциски надзор во животната средина, државните инспектори, како и овластените инспектори за животна средина на локално ниво, го спроведуваат стручното усовршување преку специјализирани обуки предвидени согласно националните плански документи за инспекциски надзор во животната средина, а врз основа на констатираните недостатоци во претходните плански периоди и утврдените приоритети во областа животна средина на централно ниво.

Од друга страна, неизбежна е поголема свесност и едуцираност на јавните обвинители и судиите за различните аспекти на животната средина и за последиците што еколошките кривични дела можат да ги предизвикаат врз здравјето на луѓето и животната средина, доколку сакаме да обезбедиме ефективен пристап до правда и ефикасна заштита на животната средина. За таа цел, потребна е соработка помеѓу органот на државната управа надлежен за заштита на животната средина и клима, стручниот орган во негов состав, Државниот инспекторат за животна средина со органите на прогонот и судските органи, но и Академијата за судии и јавни обвинители преку кои се обезбедува ваквата едукација. Почетната и континуирана обука е едниот формален концепт за постојано надградување на квалификациите во областа, но истовремено и преку вклучување на граѓанскиот сектор може да се работи на неформалната едукација на сите чинители, вклучувајќи ги и самите граѓани, со цел поцелисходно водење на самите постапки.

Потесната специјализација на кадрите од сите различни надлежни органи и чинители, неминовно би резултирала со посериозен и стручен пристап во работењето, вмрежување во релевантни национални и меѓународни групи на соработка и поефикасна превенција и правна разрешница на предизвиците од областа на животната средина.



# IV. МЕТОДОЛОГИЈА НА ОБУКИТЕ

Обуката треба да биде реализирана на начин кој ќе биде најцелисходен за стекнување на нови знаења, вештини и компетенции. Слушателите треба да бидат во можност да се запознаат со теоретските концепти на почетокот на обуката, а потоа преку анализа на конкретни случаи од оперативното работење и судската пракса да го унапредат своето знаење од областа на заштитата на животната средина и природа во Република Северна Македонија, и тоа особено во областа на прекршочното и кривичното право.

Обуката ќе опфати општ и посебен дел. Општиот дел е наменет за воведување во темата на еколошка правда додека пак посебниот дел е наменет за понапредно обучување во ова област.

***Концептот на обука на сите горенаведени целни групи ќе се реализира на следниов начин:***

- теоретско запознавање на концептите на заштита на животната средина, медиумите и областите на животната средина, битијата на кривичните дела од областа на еколошкиот криминал, надлежности и овластувања на надлежните органи за сузбивање на овој вид на криминал, основи на криминалистиката и методиката за откривање, докажување и разјаснување на овие кривични дела и др.
- анализа на случаи од оперативното постапување на надлежните органи и примери од судската пракса,
- примена на метода на brainstorming со цел размена на мислења за добри практики од лично искуство на учесниците во обуката,
- интерактивни работилници на одредена тема за размена на мислења и предлог решенија за одредени проблеми и предизвици во рамките на нивното секојдневно работење,
- истражувачки проекти за анализа на одредени теми со цел унапредување на веќе стекнатите знаења,
- дебатни дискусии каде поделени во групи можат да се залагаат за ставовите на групата и да дебатираат за контра ставовите на другата група,
- активна партиципација на часовите при обуката и користење на одредени алатки, како на пример, SWOT анализа, S.A.R.A. метод и др.

При реализација на оваа обука најпрво ќе се започне со теоретскиот дел, при што учесниците во обуката ќе се запознаат со теоретските концепти, законските решенија од областа на заштитата на животната средина, и ќе ги надградат своите веќе стекнати знаења од оваа област. Натаму тие ќе имаат можност да стекнат нови знаења преку анализата на конкретни случаи од пракса, при што интерактивноста ќе биде составен дел од обуката. Се очекува учесниците активно да партиципираат особено при дебатите, изработка на одредени анализи, изработка на сопствени истражувачки проекти и сл.

Посебно внимание ќе му се посвети на процесот на соодветно структурирање на пресудите во судските случаи од областа на еколошкиот криминал. Учесниците во обуката ќе се запознаваат со елементите кои образложението на судската пресуда мора да ги има при воспоставувањето на одговорноста во предметите на еколошки криминал.

Во процесот на учење ќе се анализираат и случаи од судската практика во меѓународното и нашето национално законодавство, со цел забележување на слабостите и креирање на предлог решенија за надминување на недостатоците. Исто така ќе се изнајдат и добри практики за унапредување на работата на судиите и јавните обвинители, и другите учесници, со цел подобрување на нивните капацитети и компетенции за успешно сузбивање на овој значаен вид на криминал, на кој во нашето општество, за жал, не му се посветува адекватно внимание, и се уште е на маргините на општественото делување.

# ДЕЛ II

# ОПШТ И ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА

# I. СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

## ОПШТ ДЕЛ – ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ОСНОВНАТА ОБУКА

**Сесија 1 – Развој на меѓународното право на животна средина**

1. Поим за меѓународно право на животна средина
• Предизвикот наречен „животна средина“
• Основи за одлучување: наука, економија и други вредности
• Меѓународен правен поредок
• Еколошка, социјална, развојна и климатска правда

2. Генеза на правото за животна средина
• Прецедент
• Постојан суверенитет над природните ресурси
• Од рани конвенции за риболов до создавањето на ОН
• Од создавањето на ОН до Стокхолм 1945 – 1972
• Од Стокхолм до Рио: 1972 – 1992
• Светскиот Самит за одржлив развој 2002
• Меѓународно право на животна средина после Рио Самитот (2012)

3. Основни начела за заштита на животната средина;
• Вовед во генералните принципи и правила
• Суверенитетот над природните ресурси и одговорноста да не се предизвикуваат штети по животната средина на другите земји или региони надвор од националната јурисдикција
• Превенција во животната средина
  • No harm principle
  • Начело на превенција
  • Начело на претпазливост
  • Соработка, нотификација, консултација
  • Претходна информирана согласност
  • Оценка на влијанието врз животната средина
  • Баланс во правото на животна средина
  • Принципи кои ја изразуваат идејата за баланс:
  • Принцип на загадувачот-плаќа
  • Принцип на заеднички но диференцирани обврски
  • Принцип на учество
  • Принцип на интер-генерациска еднаквост
  • Концепти кои ја изразуваат идејата за баланс:
    • Одржлив развој
    • Заеднички области
    • Заедничко наследство на човештвото
    • Заеднички concerns на човештвото
    • Од начела и принципи до регулација

**Сесија 2 - Меѓународно право на животна средина**

1. Правото за животната средина како човеково право
• Врската помеѓу човековите права и заштитата на животната средина
• Идентификување на одредби од човековите права со содржина на животната средина
• Генерални права (Комитетот за човекови права, Европскиот суд за човекови права, Интер-американскиот суд за човекови права, Африканската комисија)
• Специфични права за заштита на животната средина
• Право на животна средина со одреден квалитет
• Право на вода и санитарни услови
• Процедурални права на животна средина
• Опсегот на заштита на животната средина преку инструментите за човекови права

2. Мултилатерални договори од областа на животната средина
• Океани, мориња и слатка вода
• Заштита на атмосферата
• Видови, екосистеми и биодиверзитет
• Опасни супстанции и активности
• Имплементација: традиционални и нови пристапи (Мониторинг и известување, спорови, штета, одговорност, техники за фасилитирање на почитување на одредбите, процедури за non-compliance)

3. Ратификувани договори за животна средина во Република Северна Македонија
• Биодиверзитет (Конвенција за биолошка разновидност, Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност, Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар), Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни (Бон), Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта во Европа (Берн), Конвенција за меѓународна трговија за загрозени диви животински и растителни видови)
• Оцена на прекугранично влијание врз животната средина (Конвенција за оценка на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст (Еспо, февруари 1991), Протокол за стратешка оценка на животната средина)
• Отпад (Базелска Конвенција во врска со контролата врз прекуграничните загадувачи со опасен отпад и неговото депонирање, Амандман на Базелската Конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање)
• Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архус)

4. Правото за животна средина на ЕУ

5. Судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во областа на животната средина. Добри и лоши практики во Република Северна Македонија:
• Амбиентален воздух и индустриско загадување
• Бучава
• Управување со отпад
• Води
• Заштита на шумите
• Информирање и пристап до судска заштита

**Сесија 3 – Климатски промени и климатска акција**

1. Климатска акција: митигација и адаптација
2. Рамковна конвенција на Обединетите Нации за климатски промени
3. Протоколот од Кјото кон Рамковна Конвенција на Обединетите Нации за климатски промен
4. Закон за Ратификација на Договорот од Париз
5. Интегрирано управување на енергетиката и климата
6. Стратешко застапување во областа на клима
   - Urgenda Foundation v. The State of Netherlands
   - Leghari v. Federation of Pakistan

# ПОСЕБЕН ДЕЛ – НАПРЕДЕН ДЕЛ НА ОБУКАТА

**Сесија 4 – Генерални одредби за заштита на медиумите и областите на животната средина**

1. Медиуми и области на животната средина;
2. Правото на пристап до информации од областа на животната средина, и учество во донесувањето на одлуки од областа на животната средина;
3. Стратегиска проценка на влијанието врз животната средина;
4. Оценка на влијанието врз животната средина;
5. Одговорност за штета во животната средина со осврт на превенција и ремедијација на штетата;
6. Интегрирано управување со животната средина;
7. Податоци и известување за медиумите и областите на животна средина;
8. Мониторинг на медиумите и областите на животната средина.

**Сесија 5 – Заштита на медиумите на животната средина**

1. Заштита на водите
• Општи одредби за користење на водите;
• Право на користење на водите од водните тела и право на испуштање во водните тела;
• Заштита на водите;
• Класификација на водите;
• Собирање, третман и испуштање на урбани отпадни води;
• Заштита од штетното дејство на водите.

2. Квалитет на амбиентниот воздух
• Општи одредби за заштита на воздухот
• Мерки за заштита на воздухот
• Почвата како медиум на животната средина
• Заштита на почвата
• Историски жешки точки и ремедијација

**Сесија 6 – Области на животната средина (отпад, природа, генетски модифицирани организми)**

1. Управување со отпадот
• Општи одредби за управување со отпадот;
• Класификација на отпадот;
• Текови на отпад;
• Субјекти за постапување со отпад;
• Правила за постапување со отпадот;
• Услови за вршење на дејност за постапување со отпад;
• Евиденција и известување за постапување со отпад;
• Увоз/извоз/транзит на отпад.

2. Заштита на природата
• Мерки за заштита на природата;
• Промет со заштитени диви видови габи, растенија и животни;
• Заштита на компонентите на природата;
• Заштитени подрачја.

3. Генетски модифицирани организми

4. Заштита од бучава во животната средина



**Сесија 7 – Прекршочни и кривични одредби за животна средина**

1. Прекршочна одредби за животна средина во материјалните прописи за животната средина
• Прекршок и прекршочна одговорност
• Прекршочни санкции за физички и правни лица
• Прва, втора и трета категорија на прекршоци согласно посебните прописи за животна средина
• Надзор
• Надлежност на прекршочен орган
• Поведување на прекршочна постапка
• Прекршочна постапка пред суд
2. Кривични дела против животната средина
3. Надлежни органи за водење на кривичната постапка
4. Пристап до правдата од областа на животната средина
5. Actio popularis во животна средина.

**Сесија 8 - Методика за откривање, докажување и разјаснување на еколошки кривични дела**

1. Криминалистика како трихотомна наука (техника, тактика и методика)
2. Дефинирање и карактеристики на еколошки криминалитет
3. Деветте златни прашања на криминалистиката
4. Прибирање на почетни сознанија: од граѓани, анонимна или псевдонимна пријава, самопријава, пријава од страна на правни лица, инспекциски органи, со непосредно забележување, in flagranti, со индицијален метод, при расветлување на конкретни случаи, по пријава на припадник на безбедносна служба, преку средства за јавно информирање, јавно поговарање и сл.
5. Докажување и разјаснување на еколошки кривични дела: предистражна постапка, истрага, истражни дејствија, ситуационо вештачење, увид на место на настан кај еколошки кривични дела, реконструкција на настан, посебни истражни мерки, ланец на поседување на траги и докази и сл.
6. Modus operandi, instrumentum operandi,
7. Изработка на потребна оперативна документација
8. Откривање на Н.Н. сторители на еколошки кривични дела
9. Ланец на поседување на материјални траги и докази (chain of custody)
10. Организирани форми на еколошки криминал
11. Ситуационо вештачење
12. Анализа на случаи од практика
13. Меѓународна соработка

**Сесија 9 – Улогата на судиите во спроведувањето на законодавството за заштита и унапредување на животната средина**

1. Функции на судската власт во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина
• Мирно решавање на спорови
• Обезбедување на владеење на правото
• Спроведување и судско толкување на правото

2. Судиите како едукатори
• Судиите не само што го спроведуваат правото и воспоставуваат одговорност во случаите на еколошки криминал, туку истовремено придонесуваат во подигнувањето на свеста во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина. Нивната улога не се сведува единствено во казнување на одговорните туку тие пред се имаат и едукативна улога која може да влијае многу во генералната превентива на еколошкиот криминал.

3. Пресудување во случаите на еколошки криминал
- Еколошката правда како нова правна дисциплина која динамично се развива
- Употреба на научните сознанија во судските процеси на еколошки криминал – потребни се специфични обуки на судиите за да можат да ги употребат резултатите на научните истражувања и вештачењето од оваа област во судскиот процес кој го водат.
- Менаџирање со несигурните информации – судењето на еколошките случаи често опфаќа и несигурни ситуации во кои не може точно да се одреди човечката вина во промените во природата. Затоа, во овие случаи судијата треба да ги прилагоди правните презумпции и товарот на докажувањето.
- Одржлив развој – судиите треба да ги спроведат државните политики во врска со одржливиот економски развој во предметите кои ги судат.
- Диверзитет на прашања – во случаите на еколошки криминалитет се појавуваат прашања кои не се поврзани само со странките туку може да имаат влијание во национално и меѓународно ниво.
- Индивидуалните и општествените права – балансирањето помеѓу правата на индивидуата и колективните права и јавниот интерес е посебно значајно во судењето на еколошкиот криминал. Во овие случаи жртвата не е посебна индивидуа, туку жртва е населението кое трпи штета од нарушувањето на животната средина.
- Економија – при анализа на случаите на еколошки криминал судиите треба да располагаат со знаења од економските науки со цел да можат да воспостават баланс меѓу одржливоста на животната средина и овозможувањето на економскиот напредок во земјата.
- Ретроактивно важење на законите – Во принцип, законите не може да важат ретроактивно, меѓутоа, во процесот на воспоставување на еколошки стандарди во работењето и економијата, некои правни прописи може да важат и ретроактивно. Оттука, образложението на таквите судски предмети мора да ја опфати и ретроактивноста на прописите кога тоа ќе се појави.

4. Образложување на судските пресуди
- Образложението на судските пресуди како директен показател на транспарентноста на судската власт.
- Толкување на законите – во образложението на пресудата посебно место зазема толкувањето на релевантното законодавство во областа на еколошка правда. Притоа, толкувањето кое се дава и во праксата на ЕСЧП во однос на еколошката правда е особено важен дел на образложението.
- Законодавна историја и судски преседани – толкувањето на законите во образложението на пресудата е во корелација со поранешните предмети, но што е уште поважно, соодветното толкување на законодавството за животната средина во пресудите за случаите на еколошки криминал воспоставува стандарди за идно толкување на тие закони и овозможува градење на стандардизирана судска пракса во оваа област.



**Сесија 10 – Процедурални прашања во судењето на предмети поврзани со заштита и унапредување на животната средина**

1. Судска надлежност за еколошките предмети
2. Начелото на заштита на јавниот интерес
3. Различни судења за еколошките предмети: граѓанско, кривично, управно судење.
4. Право на судење во разумен рок
5. Признавање на вина
6. Стандарди на докажување. Различен товар на докажување и различни стандарди на докажување во различни судења.
7. Пресуда и образложение на пресудата.
8. Проценување на штетата – токму проценувањето на штета е посебно важен елемент при докажувањето на еколошкиот криминал и треба да му се посвети посебно внимание во образложението на судските пресуди од оваа област. Штетата може да се однесува на индивидуата или на сопственоста. Штетата која се однесува на индивидуата може да опфати: повреда, болест, ризик од болест, емоционална штета, страв од боледување, медицинско мониторирање за рано откривање на штетата. Штетата која се однесува на сопственоста може да опфати: губење на вредност на сопственоста, губење на профит, други економски загуби како на пример губење на вредноста за кирија, итн.
9. Реституција и компензација
10. Санкции
11. Спроведување на санкциите
12. Алтернативно решавање на спорови и медијација

## II. ЛИТЕРАТУРА И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Ulirich Beyerlin/Thilo Marahaun, International Environmrental Law (Hart 2011)

2. Philippe Sands and Jacqueline Peel, Principles of International Environmental Law, (Cambridge University Press, 2012)

3. M. Fitzmaurice, D. Ong and P. Merkouris, Research Handbook of International Environmental Law (Edward Elgar, 2010)

4. Dupuy/Vinuales International Environmental Law (Cambridge University Press, 2015)

5. Patricia Birnie, Alan Boyle & Catherine Redgwell, International Law and the Environment (3rd edn., Oxford University Press, 2009)

6. Daniel Bodansky, Jutta Brunnée and Ellen Hey (eds), The Oxford Handbook of International Environmental Law (Oxford: Oxford University Press, 2007)

7. Dinah Shelton, Alexandre Kiss, Judicial Handbook of Environmental Law (United Nations Environment Programme, June 30, 2004, https://www.elaw.org/system/files/UNEP.judicial.handbook.enviro.law_.pdf

8. John Pendergrass, Educating Judges About Environmental Law, Journal of Court Innovation, pp.305-314, https://www.eli.org/sites/default/files/docs/www.eli_.org_pdf_pendergrass_2010_0.pdf

9. ЦПИА, Заштитата на животната средина низ призма на праксата на Европскиот суд за човекови права. Скопје 2021 година.

10. Батковски Т., ,,Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика,, Скопје, 2008

11. Малиш Саздовска М., Дујовски Н., ,,Безбедносен менаџмент,, Скопје, 2009

12. Малиш Саздовска М., ,,Еколошка криминалистика,, (учебник) Факултет за безбедност, мај, 2008

13. Малиш Саздовска М., ,,Меѓународна заштита на животна средина,, (учебник) Факултет за безбедност- Скопје, 2014

14. Малиш Саздовска М., ,,Меѓународни стандарди и практики за заштита на животна средина,, (учебно помагало) Факултет за безбедност- Скопје, Скопје, 2010

15. Малиш Саздовска М., ,,Прирачник за истраги кај еколошки кривични дела,, (учебно помагало) Факултет за безбедност- Скопје, 2013

16. Малиш Саздовска М., ,,Прирачник за разузнавачки циклус,, Скопје, 2005

17. Малиш Саздовска М., Криминалистичка тактика 2, (учебник) Факултет за безбедност Скопје, 2018

18. Малиш Саздовска М., Прирачник за безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност Скопје, 2021

19. Наумовски Д., ,,Прирачник за оперативни проверки, Скопје, 2008

20. Цуклески Г., ,,Прирачник за соработничка мрежа,, Скопје, 2005

21. Закон за животна средина



22. Закон за заштита на природата

23. Закон за заштита од бучава во животната средина

24. Закон за водите

25. Закон за квалитет на амбиентниот воздух

26. Закон за управување со отпадот

27. Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

28. Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

29. Закон за управување со пакување и отпад од пакување

30. Закон за управување со дополнителните текови на отпадот

31. Закон за шумите

32. Закон за генетски модифицирани организми

33. Закон за прекршоците

34. Кривичен законик на Република Северна Македонија

35. Закон за инспекциски надзор

36. Закон за кривичната постапка

## ДОПОЛНИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА И СЛУЧАИ:

Lyster's International Wildlife Law, Michael Bowman et al. eds (2nd ed. Cambridge University Press, 2010): Chapter 15 (The Convention on International Trade in Endangered Species)

RECIEL 22(3) 2013, Special Issue on CITES available at: http://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1111/reel.2013.22.issue-3/issuetoc (review articles by van Asselt; Scanion; Bowman; Wiersema; Cadell; and Couzens)

1929 River Oder Case , PCIJ, http://www.icj-cij.org/pcij/serie_A/A_23/74_Commission_internationale_de_l_Oder_Arret.pdf

1057 Lac Lanoux Arbitration (Spain v. France) http://www.ecolex.org/details/court-decision/lake-lanoux-arbitration-france-v-spain-b09cb956-2cb5-479e-ba3a-bbfd4f7b68fc/

1997 Gabčíkovo-Nagymaros Project (Hungary/Slovakia) http://www.icj-cij.org/docket/files/92/7375.pdf

2010 Pulp Mills on the River Uruguay Argentina v. Uruguay) http://www.icj-cij.org/docket/files/135/15877.pdf

2013 Indus Waters Kishenganga Arbitration (Pakistan v. India)
https://pcacases.com/web/view/20

ASIL Insights Kumar 'The Indus Waters Kishenganga Arbitration (Pakistan v. India)'

https://www.asil.org/insights/volume/17/issue/13/indus-waters-kishenganga-arbitration-pakistan-v-india

1997 the Convention on Non-Navigational Uses of International Watercourses

1992 UNECE The Convention on the Protection and Use of Transboundary Watercourses and International Lakes

1966 ILA Helsinki Rules on the Uses of Waters of International Rivers

2004 ILA Berlin Rules on Water Resources Law

McIntyre, 'Water' in: Morgera/Kulovesi M (eds.) International Law of Natural Resources (2016), 305=326.

*Rajamani, L., 'From Berlin to Bali and Beyond: Killing Kyoto Softly?' 57/4 Int'l & Comp. L.Q. 909-940 (2008)

*RECIEL Special Issue 25(2) 2016 on the Paris Agreement available at: http://onlinelibrary.wiley.com/doi/10.1111/reel.2016.25.issue-2/issuetoc (review articles by Bodansky; Maljean-Dubois; Voigt; Mace and Verheyen; Chan, N.; and Chan, S. et al.)



# III. ВЕЖБИ И ПРИМЕРИ

## 1. Case study – опасен отпад на граница Македонија-Косово

Во случајот станува збор за увоз на опасни материи, кои влегуваат во меѓуграничната зона на Македонија и Косово на 22 мај 2008 година, а ја напуштаат зоната на 1 јуни 2008 година. Товарот се транспортира со три камиони, а истиот се декларира како хидраулично масло увезено од Иран, транспортирано преку Турција, Бугарија и Македонија стигнува на Косово. Увозникот на овие материјали е компанија од Косово која декларира увоз на хидраулично масло.

Овој транспорт е стопиран од страна на македонската царина во 05.48 часот, по што интервенира и Националниот координативен центар за гранично управување, додека Институтот за хемија извршува лабораториски анализи и констатира дека станува збор за диметил би-сулфат.

За време на редовната процедура на царинскиот терминал забележани се траги од овие материјали, кои истекувале од контејнерите во камионите. При тоа е забележан многу чуден мирис, кој имал сериозно влијание врз системот за дишење и довел до несвестица на двајца членови на персоналот, цариник и полицаец. Истекувањето на содржината на транспортот била резултат на нерегуларното пакување на материјалите кои биле ставени во пластични контејнери/буриња. Потоа веднаш е крената состојбата на готовност и компетентните институции кои се занимаваат во итни ситуации и заштита на животна средина биле информирани за ситуацијата на теренот, и сомневањето било во насока дека се работи за опасни материјали. Пластичните контејнери кои биле извадени од камионите се забранети за влез во Македонија и повторно се ставени во камионите.

По забелешката на македонските власти за нарушување на здравјето на неколку лица од полицијата и царинските власти, косовската власт дозволила влез на камионите во Косово и решиле да ги вратат во Иран.

Земени биле и примероци кои се дадени на анализа. Резултатите покажале дека материјалите кои биле декларирани како хидраулично масло всушност претставуваат рафиниран нус-продукт на многу голем процент на сулфур (преку 20%). Камионите биле пратени на безбедно место во напуштена фабрика.

Имало повеќе предлози за постапувањето со отпадот, а процедурата требало да се одвива со согорување на многу висока температура (околу 1200 степени целзиусови) во обезбедена зона со контролирани услови. Така предлогот бил тоа да се стори во печка во напуштената фабрика. Во меѓувреме јавноста е информирана преку медиуми и веднаш реагирале граѓанското општество и невладините организации.
Со материјалите биле направени проби за горење на температура од 500 степени, но констатирано е дека постои можност за ослободување на опасни материи во воздухот. Затоа од страна на инспекторите за животна средина од Косово, операцијата била веднаш прекината.

Опасниот отпад е преточен во нови канистри и однесен во Трепча, Митровица, каде било планирано уништувањето. Но невладиниот сектор реагирал, и на крај е одлучено отпадот да се транспортира во САД преку, Македонија, Бугарија и Турција.

Според привремениот Кривичен закон на Косово (2003/25), постојат одредби за кривично дело против животната средина, животни, растенија и културни објекти, како и загадување или деструкција на животната средина и незаконско ракување со опасни материи и отпад. Преземена била адекватна законска постапка за сопственикот на фабриката од Косово вклучен во увозот на овие материјали и истиот е осуден на 7 месеци затвор. Во врска со случајот сменет е директорот на косовската царина, како и државниот секретар на косовското министерство за животна средина и просторно планирање поради потпишаните дозволи за увоз во Косово. Во истрагата било констатирано дека бугарските камиони имале и фалсификувана документација за превоз на материјалите од Иран во Косово.

## 2. Case study- организиран криминал во делот на недозволен риболов на Охридското Езеро

Во врска со реализација на мерки и активности на Езерската полиција во Република Македонија во рамките на риболовот во Охридско Езеро, откриена е група на сторители на кривично дело недозволен риболов и злоупотреба на службена положба. Имено командирот на Езерската полиција е уапсен по реализација на оперативната акција ,,Пента,, за злоупотреба на својата службена положба. Тој заедно со лицата кои вршеле нелегален риболов во Охридското Езеро, набавувале риба на нелегален начин и истата ја продавале со цел прибавување на противправна имотна корист. Со цел прикажување активност на езерската полиција, биле спуштани стари мрежи во езерото и потоа било симулирано дека се откриваат и одземаат овие мрежи. Во криминалните активности најверојатно биле вклучени и други лица од езерската полиција, кон кои ќе се прошири истрагата во нареден период.

Незаконитиот риболов најчесто се вршел на тој начин што сторителите најпрво исловувале со чамци во водите на Охридското езеро, ги поставувале мрежите на одредени места, а по успешниот улов, рибата најчесто привремено ја складирале во домовите и незаконски ја дистрибуирале и продавале на заинтересирани купувачи. Командирот лицата ги известувал за полициските патроли за да не бидат фатени лицата кои вршеле криволов.

Оперативната акција ,,Пента,, била реализирана во временски период од четири месеци за кој временски период лицата биле следени и применети биле оперативно-тактички и истражни дејствија. При претресот кај четири лица пронајдени се риболовен алат, опрема и риби.

Против командирот е поднесена кривична пријава поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување", додека против другите три лица поднесена е пријава за сторени кривични дела „поттикнување" и „незаконит риболов".

## 3. Case study- случај Ноах

Кенг Лианг ,,Ансон,, Вонг бил меѓународен шверцер на рептили од Пенанг, Малезија. Тој успешно шверцувал околу 300 заштитени животни во Соединетите Американски Држави во пакети на Федерал Експрес, авионски багаж или друг превоз. Тој бил уапсен во Мексико, бил обвинет во судот на Сан Франциско, и бил екстрадиран во САД, каде што му било судено за сторените дела од областа на еколошкиот криминал. Вонг бил најголемиот дилер на животни, и акцијата за негово откривање е една од најдобро организираните. Познат бил за ФБИ како ,,Кинг Рат,, и бил на врвот на подземјето за илегална трговија со животни. Во Малезија поседувал своја приватна зоолошка градина, која била одличен параван за илегална трговија на заштитени животни. Илегалната трговија на Вонг се состоела од кражба на речиси изумрениот Комодо драгон од Индонезија. Секој од овие најдолги гуштери е проценет на 30.000 долари, кинескиот алигатор чини 17.000 долари на црниот пазар, боата од Мадагаскар чини 2.500 долари. Некои од овие видови се толку ретки што дури и зоолошките градини не можат да ги поседуваат, но Вонг успеал да ги пронајде и да тргува со нив. Падот на Вонг се случува по неговото вклучување во големиот грабеж на рептили од возот, што претставува најголема кражба на скапи рептили. Тој бил вклучен и во кражбата на 37 скапоцени желки украдени од Мадагаскар од која секоја чинела 52.500 долари. Денес Вонг се наоѓа во калифорнискиот затвор, виновен за трговија со најзагрозените видови.



Помеѓу 1995 и 1998 година, Службата на САД за риби и див свет спровела прикриена истрага за Вонг и неговиот малезиски увоз-извоз бизнис за див свет ,,Сунгаи Руса Њилдлифе,,. За време на истрагата, службата документирала 14 илегални транспорти, кои Вонг ги реализирал во САД од Малезија, Индонезија и Филипини, кои содржеле заштитени рептили кои чинеле околу пола милион долари. Во јули 1998 година, големата порота на Федералниот суд го обвинил Вонг за 51 федерални обвиненија во врска со неговото шверцерско претпријатие. Во септември 1998 година, прикриениот УСФЊС агент кој се претставувал како дилер со рептили, го намамил Вонг во Мексико Сити, каде што бил уапсен од страна на Владата на Мексико и затворен во очекување на екстрадиција во САД. Вонг две години се борел против екстрадицијата, но на 16 јуни поднел документи до мексиканските судови да се прекине борбата против екстрадицијата.
Во Сан Франциско Вонг е обвинет за заговор, шверц, перење пари, давање лажни изјави и кршење на федералниот статут за дивиот свет, кој забранува трговија со животни кои се заштитени од страна на сојузните закони или меѓународното право. Вонг, исто така, е обвинет од големата порота на Федералниот суд во Флорида во 1992 година за шверц на диви животни. Вонг и неговите соработници имале разработено различни шеми за транспорт на заштитени животни во САД, како што се користење на човек-курир кој ги крие животните во авионски багаж; испраќање на животните скриени и лажно етикетирани како Федерална Експрес пратка; и прикривање нелегални животни во големите легални комерцијални пратки на животни.

Вонг имал шверцувано во САД околу 300 животни, од кои 70 заштитени желки од Мадагаскар кои биле украдени од проектот за нивно размножување, од кои еден примерок чини 52.500 долари. Покрај Вонг обвинети се и други лица: Џејмс Мајкл Бароуз, Бо Ли Луис, Чарлс Џефри Милер, Роберт Г. Палух, од САД и Уа «Оскар» Чиу, од Хонг Конг, Кина.

Максималните казни за перење пари во САД се 20 години затвор и /или 500,000 долари парична казна; додека за секое од преостанатите обвиненија пропишана е казна најмногу пет години затвор и /или 250,000 долари парична казна. Со обвинението се тврди дека едно или повеќе лица го повредиле федералниот кривичен закон. Апсењата се резултат на заедничкиот напор од страна на Одделот за правда, Јавниот обвинител на Мексико, американската служба за риба и див свет, американската царинска служба, Интерпол и на Кралската канадска Полиција.

Преку анализа на случајот со Кенг Лианг Вонг кој го имаат реализирано повеќе служби односно law enforcement agency, од САД, Канада, Мексико, Интерпол и други, се согледува потребата од меѓународна соработка во спречувањето на еколошкиот криминал. Неопходно е потребна соработка помеѓу надлежните органи од различни области со цел откривање, разјаснување и докажување на еколошките кривични дела, особено кога се работи за организиран трансграничен криминал како што е случајот Ноах.

При соработката која постои помеѓу надлежните органи и организации потребно е да се дефинира начинот на комуникација, реализација на заедничките оперативно-тактички мерки на терен, се со цел сторителот да се лиши од слобода и да му биде изречена адекватна санкција.

Доколку се изврши анализа на случајот Ноах може да се заклучи дека станува збор за организирана криминална група која вршела илегална трговија со животни, остварувала голема материјална корист, применувале илегални начини за транспорт на стоката, делувале на меѓународно ниво, а не само во рамките на една држава, казните за предвидените дела се високи, што упатува дека се работи за организиран криминал во сферата на еколошкиот криминалитет. Бидејќи станува збор за организиран еколошки криминал, и мерките кои ќе се преземат од страна на надлежните органи и институции ќе бидат адекватни и во насока на откривање на илегална организирана група. Со цел успешно откривање, разјаснување и докажување на казнивите поведенија на Вонг и неговата група, потребна е примена на оние мерки од лепезата на оперативно-тактичките мерки и активности, истражни дејствија и специјални истражни мерки кои се во насока на борбата со организиран криминал.

Со оглед на фактот што станува збор за група која на конспиративен начин делува во откупот, транспортот и продажбата на заштитените видови животни, потребно било преземање на мерката на прикриено извидување и користење на таен агент[11].

Во случајот Ноах применета е мерката таен агент (under cover agent), при што прикриен американски агент се претставувал како дилер на животни во Мексико, остварил контакт со групата на Вонг во Мексико каде истиот и бил уапсен. Со цел успешно завршување на работата на тајниот или прикриен агент, тој треба да биде добро обучен, да има целосно познавање на членовите на групата, нивните навики, карактери, определби и начин на однесување[12], да е запознаен со криминалното подземје и криминалното милје на одреден вид на криминалитет, во случајот еколошки кривични дела. Покрај тоа агентот треба да остварува и конспиративна комуникација со централата на службата на која и припаѓа и при тоа се користат одредени канали кои ќе гарантираат конспиративност[13]. Покрај начелото на тајност треба да се почитуваат и останатите начела на работа на безбедносните служби и тоа: законитост, материјална вистина, плански пристап на работата, рационалност и ефикасност, офанзивност (проактивност), тимска работа[14] и еластичност.

При организирање на вакви големи акции на меѓународно ниво и реализирање на голем број на мерки и активности, особено е важна тимската работа[15], со цел успешно реализирање на задачите, со цел да не дојде до преклопување на задачите или ингеренциите од една страна или пак да не се ,,покријат,, одредени активности и да пропадне акцијата за спречување на тоа кривично дело. Во конкретниот случај Ноах, тимската работа е реализирана во повеќе наврати, на пример делувањето на тајниот агент во Мексико и апсењето на Вонг, кое се одвивало во соработка помеѓу американскиот таен агент и припадниците на полициските сили на Мексико.

Тајниот агент покрај квалитетите кои треба да ги има како оперативец, исто така треба да биде способен да се инфилтрира во одредена средина, најчесто тоа е криминална средина и тоа користејќи одредена легенда[16]. Легендата му дава оправдување односно образложение на агентот за неговото присуство во средината. Улогата која оперативецот ја ,,игра,, му овозможува да прибира податоци и сознанија за криминалците, во случајот членовите на групата Ноах, и по проценката дека се собрани доволен број на докази со кои се потврдува кривичното дело и истото може да се докаже на суд, се пристапува кон апсење на лицето или групата.

Овие потенцијали кои тајниот агент треба да ги поседува за успешно завршување на работата, укажуваат на фактот дека во примена на вакви мерки, потребно е оперативците да имаат познавања од најразлични области како на пример: криминалистика, психологија, социологија, криминологија и др. Имено во борбата против организираниот криминал потребен е мултидисциплинарен пристап заради успешно спротивставување и на најсовремените видови криминалитет, како што во поново време станува и еколошкиот криминалитет .

11 Види повеќе кај Г.Џуклески,,Прирачник за соработничка мрежа,, Скопје, 2005, стр 38. Авторот прави разлика помеѓу америкаскиот UCA ( Under Cover Agent) и ППИ- прикриениот полициски извидувач. Разликата која е од суштинска природа се состои во фактот што тајниот агент работи во криминалните средини, уфрлен е во подземјето на одредено време и можно е дури и вршење на кривични дела, додека ППИ е насочен на одредени цели, има еден или двајца раководители со кои е во непрекината врска и постојано ги информира, во акцијата е само стриктно одредено време и не смее да се впушта во вршење на кривични дела.

12 Заради тоа претходно се изготвуваат оперативни проверки, при што се обезбедуваат сите потребни информации за лицето или групата. За оперативни проверки види повеќе кај Д Наумовски ,,Прирачник за оперативни проверки,,Скопје, 2008

13 Врската која се остварува со агентот може да биде непосредна или посредна. При непосредната врска се остварува личен контакт, додека посредната се остварува преку посредник-лице или средтсво. Види повеќе Т Батковски ,,Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика,, Скопје, 2008, стр 47

14 При тимското работење потребно е формирање на тим кој ќе обавува различни задачи а со една заедничка цел. При тоа треба да се имаат предид фазите на еволуцискиот развој на групата и тоа: forming, storming, performing и ending, или формирање, бранување, нормализирање, функционирање и завршување. Види повеќе М малиш Саздовска, Н Дујовски,,Безбедносен менаџмент,, Скопје, 2009, стр 84

15 Види повеќе кај Малиш Саздовска М., Прирачник за безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност Скопје, 2021

16 Види повеќе М Малиш Саздовска ,,Прирачник за разузнавачки циклус,, Скопје, 2005



Примената на мерката таен агент е дел од прикриената истрага која се водела спрема Вонг и неговата група. Тие применувале специфичен начин на транспортирање на заштитените животни, кои биле пренесувани преку државните граници на различни начини и тоа: користење на човек-курир кој ги крие животните во авионски багаж; испраќање на животните скриени и лажно етикетирани како Федерална Експрес пратка; и прикривање нелегални животни во големите легални комерцијални пратки на животни и други начини на транспорт. Заради ваквиот начин на транспорт со цел откривање на илегалните пратки властите, во рамките на прикриената истрага ја применувале и мерката на контролирана испорака[17].

Со интензивирањето на меѓународната соработка во борбата против организираниот криминал, оваа мерка во поново време се повеќе се применува со цел откривање на сторители на кривични дела на илегална трговија со дрога, оружје, луѓе или како во случајот Ноах, илегална трговија со заштитени видови животни, а во одредени случаи и растенија. Иако надлежните служби имале информација дека Вонг во својата приватна зоолошка градина во Малезија, имал заштитени видови животни намети за илегална трговија на црниот пазар, тие сепак требале да го следат и патот на пратките кај крајните корисници. Целта и смислата на оваа мерка е да се открие, не само испраќачот на пратката туку и примачот, заради тоа се применувала контролата на испораките на Вонг од Малезија кон другите делови на светот. Покрај испраќачот како почеток на ланецот на илегалната трговија и крајниот корисник, купецот на стоката, потребно било да се откријат и другите алки на ланецот кои учествувале во транспортот на пратката. Заради тоа применувајќи ја мерката за контрола на пратката, пратката и нејзиниот транспорт се следи од почетната до крајната дестинација. Тоа значи дека во одредени случаи припадниците на полициските и царинските служби биле информирани за пратката, но истата ја пропуштале и ја следеле нејзината дестинација, со цел откривање на сите кои биле инволвирани во илегалната трговија.

Доколку по информацијата дека има илегална пратка на животни која Вонг ја испраќал во други држави, се открие пратката, нема да постои можност да се откријат останатите сторители кои се дел од ланецот на транспортот. Заради тоа надлежните органи и организации преку меѓусебна соработка, која во овој случај најчесто се одвива преку Интерпол, се информираат за ваквиот транспорт и следи пропуштање на пратката, но истовремено се откриваат сите кои се инволвирани во илегалниот транспорт. За ваков начин на комуникација и соработка на службите од различни држави потребно е да се дефинираат надлежностите и ингеренциите на секоја членка поодделно. Со цел успешно завршување на работата.

Покрај гореневедените мерки од лепезата на специјалните истражни мерки и дејствија, во случајот Ноах било потребно да се преземат и други мерки како на пример контрола на комуникации. Имено планирајќи ги мерките како што е на пример, контролираната испорака, како организиран криминал во сферата на еколошкиот криминалитет, не е можно ако не се следат комуникациите помеѓу членовите на каналот на илегалната трговија. Со цел следење на пратката, потребно е да се следат и комуникациите заради добивање на информации, каде, како и на кој начин ќе се изврши илегалниот транспорт. Откако ќе ги добиеме бараните информации за начинот, времето на транспорт, лицата вклучени во трговијата, тогаш можеме да пристапиме и кон примената на мерката за контрола на таа испорака.

Исто така се применува и мерката тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства. Мерката на тајно следење се однесува на лицата инволвирани во илегалната трговија со животните, при што лицата се следат, се забележува нивното однесување, со кого контактира лицето, дали врши примопредавање на одредена стока или предмет. Тајното следење е поврзано со опсервирањето на лицето или просторот што го набљудуваме, пример приватната зоолошка градина на Вонг, а со цел забележување на сите промени и нови настани. За примена на оваа мерка се ангажираат искусни оперативци, заради успешно толкување на промените, забележување и на најситните и навидум безначајни детали кои можат да бидат од круцијално значење за натамошната постапка. Покрај примената на следењето, истовремено се врши и визуелно-тонско снимање на дејствието, заради формирање на доказна документација.

17 За специјалната истражна мерка, контролирана пратка види повеќе кај М Малиш Саздовска,,Еколошка криминалистика ,,Скопје, 2009, стр 260

Примената на оваа мерка е од исклучително значење за прикриената истрага, бидејќи овозможува прибирање на нови и проверка на веќе прибраните податоци, утврдување на идентитетот на лицата кои се неидентификувани, како и создавање на фото и друга документација за докажување на кривичното дело на суд.

Покрај овие мерки во прикриената истрага се користи и мерката на привиден (симулиран) откуп на предмети.

Во врска со кривичните дела на илегална трговија со дрога, оружје, луѓе, а во случајот Ноах со животни, често се јавува потреба од симулирање на откуп на одредена стока. Како комбинација на сите претходно објаснети мерки од прикриената истрага, во вакви случаи се јавува тајниот агент како купувач на понудената стока на црниот пазар. Така, во случајот со Вонг во Мексико, американскиот таен агент се јавува во улога на дилер со заштитени животни, при тоа применувајќи ги и мерките на контрола на комуникација, тајното следење и визуелано-тонско снимање на дејствијата.

Оваа мерка е особено ефикасна бидејќи сторителот на казниви поведенија, во случајов еколошки кривични дела, се фаќаат ин флагранти, и во тој случај неможно е да се негира делото.

При реализација на оваа мерка агентот се јавува во улога на купувач, и на тој начин се расветлува и докажува делото илегална трговија со животни кои се заштитени, ретки и скапоцени на црниот пазар. При тоа треба да се има предвид легендираниот настап на оперативците, нивните психолошки предиспозиции, искуството во претходни акции и прикриени операции, со цел реализирање на акцијата без нејзино деконспирирање.

Применувајќи ја мерката за симилиран откуп на стока, треба да се има во предвид еден многу важен момент, а тоа е употребата на соработници од криминалната средина. Имено, често пати оперативците ангажираат соработници од криминалното подземје за соработници при прибирање на информации и податоци за илегалната трговија и при реализација на симулираниот откуп. Заради тоа при самата акција на апсење на осомничените треба да се обрне посебно внимание на статусот и положбата на соработникот, за да не се конспирира неговата улога на соработник. Особено е значаен фактот останатите сторители да не дознаат за ,,двојната игра,, на членот на нивната организирана група кој соработува со безбедносната служба. Затоа често се прибегнува кон ситуацијата да се инсценира бегство на лицето кое е соработник на службата, се со цел да не се деконспирира неговата улога, и да може да се користи за идни прикриени операции.

Друг случај со ангажирањето на соработникот во прикриените операции, е по апсењето на групата, тој да се јави во улога на заштитен сведок, што примената на специјалните истражни мерки го дозволува во случаи на организиран криминал. При тоа на лицето треба да му се овозможи добивање на нов идентитет, со цел заштита на лицето од можно осветување од страна на сторителите кои членувале во истата организирана група. Доколку станува збор за големи држави со голем број на жители, нема проблем за одредување на нов идентитет и преселба на лицето во друг дел на државата. Но доколку се работи за држави со помала територија и со помал број на жители, заштитата на сведоците треба да се реализира на регионално ниво, за што државите треба да склучат билатерални или мултилатерални договори со земјите во соседството.

На крајот од анализата на случајот Ноах може да се заклучи дека водењето на меѓународна акција за откривање, разјаснување и докажување на еколошки кривични дела од областа на организираниот криминал е комплексна, сеопфатна и мултудисциплинарна активност. При тоа во акцијата односно прикриената операција учествуваат голем број на припадници на различни држави и различни служби, кои треба да делуваат добро организирано и координирано со цел успешно завршување на предвидените мерки. Значајно е во тој контекст да се спомене и улогата на Интерпол, како меѓународна организација која се јавува во улога на организатор, координатор и активен учесник во заедничките акции на меѓународен план.



## 4. Case study- Нафтената дамка во Мексиканскиот залив

Најголема хаварија во врска со истекување на нафта во светски рамки е хаваријата која се случила на 20.04.2010 година на нафтена платформа на компанијата ,,Бритиш Петролеум,, и нафтената дамка која се ширела преку Мексиканскиот залив во огромна мера го загади крајбрежјето на САД[18]. Нафтената дамка била со големина поголема од 10 илјади квадратни километри. Американските медиуми го споредуваат сегашниот еколошки инцидент со најголемата еколошка катастрофа во САД, кога во 1989 година покрај брегот на Аљаска истекоа девет милиони барели нафта од танкерот „Ексон Валдес". Американските власти прогласиле вонредна состојба во Луизијана, како и во другите крајбрежни држави, како што се Мисисипи, Алабама и Флорида. Заради тоа САД повеле кривична истрага.

Во врска со хаваријата во Заливот во Мексико, Бритиш Петрол добил казна од 4.5 милијарди долари. Ова е највисока казна според законодавството на САД некогаш изречена, а се однесува на загадување на водите. Казната изречена од Министерството за правда на САД, се однесува на два работника на Бритиш Петрол и еден поранешен менаџер, и тоа за 14 кривични дела. Компанијата се извинила за својата улога во настанот при што со рушење на нафтената платформа загинале 11 лица. Покрај 23-те обвиненија во кои се содржат и 11 за убиство на лица, менаџерот се обвинува за криење на информации од Конгресот и изрекување невистини на агенциите за спроведување на законот[19].

Бритиш Петрол се согласува дека е виновен по следниве основи: 11 точки од обвинението кои се однесуваат на загинувањето на 1 лице; еден прекршок според договорот за чисти води; еден прекршок според договорот за птици преселници и еден престап за нарушување на работата на Конгресот. Покрај убиството од нафтената платформа истекувале и милиони барели сурова нафта преку 87 дена.

Казната ќе се распределува на следниов начин:

***1,26 милијарди долари за кривични дела***

- 11 обвинувања по основа на "Лошо раководење и запоставување," кои се однесуваат на смртта на 11-те работници на платформата.
- 1 обвинение за попречување на работата на Конгресот, бидејќи компанијата доставила погрешни информации за стапката на нафта која истекува од бунарот. Конечната владина пресметка е дека истекувале меѓу 53.000 и 62.000 барели нафта дневно. БП пријави меѓу 20 и 50 проценти помалку од тоа.
- Прекршување на Законот за чиста вода, бидејќи Бритиш Петрол погрешно спровел тест за безбедност и продолжил да работи и покрај тоа што знаеле дека може да има неочекувани последици (кои на крај доведоа до несреќата).
- Прекршување на Законот за птици преселници, кој забранува убиство на одредени птици. Излеаната нафта го направи токму тоа.

2,349 милијарди долари (во следните 5 години): за Националната фондација за риби и дивеч
- БП веќе работи со Фондацијата во Фондот за дивеч.

350 милиони долари: за Националната академија за науки
- Парите ќе служат за дополнителни истражувања на теми поврзани со вадењето нафта и безбедноста на околината.

525 милиони долари: за Комисијата за цените на обврзниците и берзата
- Ова повторно се однесува на начинот на кој БП го пријави истекувањето на нафтата. Властите објаснуваат дека компанијата погрешно ги навела инвеститорите, како и владата, за тоа колкав е обемот на дамката. Во тоа време се тврдело дека нафтата истекува со околу 5.000 барели дневно. Вистинската бројка била приближна на 50.000 барели дневно.

18 Американската крајбрежна стража проценува дека досега во морето истекле околу 1,6 милион галони нафта, додека, пак, експерти од универзитетот во Флорида тврдат дека количеството е многу поголемо, односно 9 милиони барели. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=53101026588&id=11&setIzdanie=21973&utm_source=daily.mk

19 http://www.bbc.co.uk/news/business-20336898

## Пресуди:

П Р Е С У Д А

**ОБВИНЕТИОТ:**
А.Л. со ЕМБГ ///, од татко А., мајка Р., роден на ///////година во с.Блаце - скопско, каде и живее на ул.„/“ бр.///, Албанец, државјанин на РСМ, неосудуван.

В И Н О В Е Н   Е

**ЗАТОА ШТО:**
На 02.10.2018 година, во временскиот период од 07,00 до 14,00 часот, од точно неутврдено место, во атарот на с. Блаце во Скопје, со кое стопанисува ЈП Национални шуми ПШС „Караџица“, спротивно на чл.66 од Законот за шуми исекол шума, на начин што откако дошол на наведената локација иако знаел дека не поседува одобрение за сеча и дозвола за транспорт, исекол огревно дрво – даб во количина од 3,5 м3 и ги натоварил во ТМВ „Ивеко“ без регистарски број и сообраќајна дозвола, а со намера да ги пренесе во с. Визбегово каде има куќа и да ги користи за свои лични потреби како огрев, со што предизвикал штета на оштетеното ЈП „Национални шуми“ ПШС Караџица, во износ од 24.500,00 денари.

Со горните дејствија обвинетиот А.Л. од с. Блаце – скопско, сторил кривично дело - Пустошење на шума од чл.226 ст.1 од Кривичниот законик, па согласно наведениот член и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 39, 48, 48-а, и 50 од Кривичниот законик, судот му изрекува

а л т е р н а т и в н а   м е р к а
У С Л О В Н А   О С У Д А

Така што му утврдува казна затвор во траење од 3 – три месеци, која казна нема да се изврши ако обвинетиот за време од 1 – една година од денот на правосилноста на пресудата, не стори ново кривично дело.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот А.Л., согласно чл.114 од ЗКП да го надомести имотно правното побарување на оштетеното ЈП „Национални шуми“ ПШС Караџица, во износ од 24.500,00 денари во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.



П Р Е С У Д А
З А   И З Д А В А Њ Е   К А З Н Е Н   Н А Л О Г

**ОБВИНЕТИОТ:**
З. К. СО ЕМБГ //////////, од татко Б., мајка В., роден на /////// година во Скопје, живее на ул.„////“ бр./// Драчево, Македонец, државјанин на РСМ, вработен во “/////” како електротехничар, женет, татко на две деца, со завршено образование, средно имотен, не осудуван.

В И Н О В Е Н   Е

**ЗАТОА ШТО:**
На 04.09.2019 година, околу 17,30 часот, во дворното место од куќата на ул.”Речиште” бр.38 во Скопје, грубо го злоупотребил расното куче Германска пудлица по име “Блеки” сопственост на оштетениот Ивица Стојановски и го изложил на непотребни маки, непотребни болки и страдање на начин што додека расното куче Германска пудлица влегла во дворот на обвинетиот и дошла до кучињата раса „Хаски“ сопственост на обвинетиот и почнало да ги задева, обвинетиот најпрвин со стап почнал да го брка кучето, а потоа влегол во својот дом земал една воздушна пушка марка „Гамо Максима„ со фабрички бр.04-1С-105600-10, го насочил спрема кучето и испукал куршум кон него, го погодил во пределот на вратот по што кучето во маки почнало да бега, дошло до дворното место во близина на капијата од куќата “бр.34” на “ ул.Речиште” во Скопје каде веднаш починало.

Со горните дејствија обвинетиот З. К. од Скопје, сторил кривично дело – Мачење животни од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик, па согласно овој член како и членовите 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 38, 38-А и 39, од Кривичниот законик, судот обвинетиот го

О С У Д У В А
Н А   П А Р И Ч Н А   К А З Н А   В О   В И С И Н А   О Д
1 5 0 – С Т О   И   П Е Д Е С Т   Д Н Е В Н И   Г Л О Б И

Со утврдена вредност на дневна глоба во износ од 10 евра во денарска противредност од 615,00 – шестстотини и петнаесет денари во вкупна вредност од 1.500 – илјада и петстотини евра во денарска противвредност од 92.250,00 – деведесет и две илјади двестотини и педесет денари, која обвинетиот да ја плати во рок од 30- дена по правосилноста на пресудата, под страв на присилно извршување, а доколку не ја плати во наведениот рок, а присилното извршување остане без успех, судот ќе ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе определи по еден ден затвор со тоа што затворот не може да биде подолг од 6-шест месеци.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот З.К. од Скопје, согласно чл.102 и 105 од ЗКП, да плати кривичен судски паушал во износ од 2.000,00 денари на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен кривичен суд Скопје, депонент НБРСМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 5.800,00 денари од кои износ од 4.300,00 денари по трошковник за извршени анализи изготвен од МВР на РСМ ОКТИВ од 15.01.2020 и износ од 1500,00 денари по трошковник од МВР од 10.01.2020, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**СЕ УПАТУВА** оштетениот И. С., согласно чл.114 ст.2 од ЗКП, евентуалното имотно-правно побарување спрема обвинетиот да го остваруваат во спор.

**СЕ ОДЗЕМА**, согласно член 100а од Кривичниот законик, пневматското оружје пушка Гамо Максима бр.04-1С-150600-10 сопственост на обвинетиот и една потврда за пријавено оружје од Д категорија бр.004882 на име З. К.

П Р Е С У Д А
В Р З О С Н О В А Н А П Р И З Н А Н И Е Н А В И Н А

**ОБВИНЕТИОТ:**
Ф.И. со ЕМБГ ////////, од татко Н., мајка С., роден на ////// година во Скопје, каде и живее на ул.„////“ бр.///, писмен, со завршено средно образование, женет, татко на едно дете, невработен, Албанец, државјанин на РСМ, неосудуван.

В И Н О В Е Н Е

**ЗАТОА ШТО:**
На 02.11.2019 година, во 12,30 часот, во близина до плацот „Раис Транс», лоциран на патот за Визбегово во Скопје, кое место е под надлежност на општина Шуто Оризари, од ПМВ „Цитроен Пикасо» со приколка со рег.бр. СК 1196-АН, со фрлање на отпад - мешан комунален отпад (градежен шут) предизвикал оштетување на квалитетот на почвата, на начин што откако на ул„Кемал Ататурк’’ го реновирал станот, го натоварил отпадот во возилото и во моментот кога истиот го истоварал бил забележан и пријавен од страна на градоначалникот на општината Шуто Оризари, Курто Дудуш.

Со кои дејствија обвинетиот Ф. И. од Скопје сторил кривично дело –Загрозување на животната средина и природата со отпад од чл.230 ст.1 од Кривичниот законик, па согласно овој член, како и членовите 3,4,7,29,30,31,32,33,34,39,48,48-а,49 и 50 од Кривичниот законик, судот на обвинетиот Ф. И. му изрекува: алтернативна мерка

У С Л О В Н А О С У Д А

Така што му утврдува казна затвор во траење од 1-ЕДНА ГОДИНА и истовремено определува дека така утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 3-ТРИ ГОДИНИ сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот, согласно чл.102 и чл.105 ст.1 од ЗКП, да плати судски паушал во износ од 2.000,00 денари на жиро сметка број 1000000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631 корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен кривичен суд Скопје, депонент НБРСМ, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

**СОГЛАСНО** чл.114 ст.2 од ЗКП, Претставникот на оштетеното правно лице, за евентуално предјавено имотно правно побарување спрема обвинетиот, се упатува на граѓански спор – парница.



## Прилог 1

Еколошките кривични дела се предвидени во главата XXII од Кривичниот законик, како глава на кривични дела против животната средина, и тоа од член 218 до член 234.

1. Загадување на животната средина и природата,
2. Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка,
3. Загадување вода за пиење,
4. Производство на штетни средства за лекување добиток или живина,
5. Несовесно укажување ветеринарна помош,
6. Пренесување заразни болести кај животниот и растителниот свет,
7. Загадување на добиточна храна или вода,
8. Уништување насади со употреба на штетна материја,
9. Узурпација на недвижности,
10. Незаконита експлоатација на минерални суровини,
11. Пустошење на шума,
12. Предизвикување шумски пожар,
13. Незаконит лов,
14. Неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици,
15. Незаконит риболов,
16. Загрозување на животната средина и природата со отпад,
17. Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи,
18. Неовластено производство, постапување и промет со опасни материи или штетни организми или семенски или саден материјал,
19. Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна,
20. Неовластено воведување на диви видови во природата,
21. Неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна
22. Мачење животни
23. Тешки дела против животната средина и природата.

Во тек е изработката на нов Кривичен законик во кој кривичните дела против животната средина и природата се предвидуваат во Главата XXV од член 288 до 314. Во ова глава освен горeспомена-тите кривични дела се додаваат и следните дела:

- Бесправно градење
- Недозволено работење на постројки
- Загрозување на околината со бучава, вибрации или нејонизирачко зрачење

СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА